Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден __.__.2022 година, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец општина Кичево и КО Галичник општина Маврово и Ростуше потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец општина Кичево и КО Галичник општина Маврово и Ростуше, се определуваат следните: општина Кичево, општина Маврово и Ростуше, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за транспорт и врски, Дирекција за заштита и спасување, ЕВН, ЈУ НП „Маврово", ЈП „Студенчица", Кичево Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, невладини организации, еколошки друштва, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор.
3. 3. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец општина Кичево и КО Галичник општина Маврово и Ростуше, за чија изработка е одговорно Кавадар ДОО Скопје, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк Кичево (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до 35 MW) КО Душегубица и КО Добреноец општина Кичево и КО Галичник општина Маврово и Ростуше ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: здравје на населението и социоекономски развој, заштита и управување со емисиите во воздух, вода, почва, управување со емисии од бучава, вибрации, отпад, заштита и унапредување на пејзажот, заштита на културно и природно наследство, материјални добра, управување со несреќи и хаварии.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на адреса: www.mtc.gov.mk.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 21-5335/11
Датум: 14.12.2022
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE E LIDHJEVE * СКОПЈЕ - SHKUP